*Јавно претпријатие за комунални*
*дејности „Комуналец“ Гевгелија*
*бр. 04-1367/4*
*10.10.2024 година*

Врз основа на член 37-и ст.1 од Законот за јавните претпријатија (Сл. в. на РМ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25,/2015, 129/2015, 61/2015,39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Сл. в. на РСМ“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Сл. в. на РСМ“ 143/19 и 14/2020), и член 22 и 23 од Законот за работни односи (Службен весник на РМ бр.167/15-пречистен текст и 27/2016, 134/2016, 120/18 и „Сл. в. на РСМ“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23) ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија на 10.10.2024 година објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС 02/2024**
**за засновање работен однос на неопределено време**

За пополнување на следните работни места:
1. Работно место од група даватели на јавни услуги:
- **Раководител на одделение за водовод,** со р.бр. 31, КДР 03 05 А03 004 во 2.0.0 Сектор за водовод и канализација 2.1.0 Одделение за водовод - 1 (еден) извршител;

**Опис на работното место**: Раководење, организирање и координирање на работата со следење на текот на извршување на работите.
**Посебни услови**:
- Најмалку ниво на квалификација IV, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/I степен -Инженерство и технологија/градежништво, машинско инженерство или друго инженерство и технологија (биотехнологија)
- најмалку две години работно искуство во струката, од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда
**Паричен износ на нето плата:** 36.075,00 денари.
**Работно време:** од 07:00 - 15:00 часот, 40 часа неделно, од понеделник до петок.
2. Работно место од група даватели на јавни услуги :
- **Одговорен за евиденција и контрола во баждарница,** со р.бр. 35, КДР 03 05 Б02 025 во 2.0.0 Сектор за водовод и канализација, 2.1.0 Одделение за водовод 2.1.2 Оддел баждарна станица - 1 (еден) извршител;

**Опис на работното место**: Проверка на исправност и водење евиденција за примени и издадени водомери од физички и правни лица.
**Посебни услови**:
- стекнати најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование- машински техничар
- најмалку две години работно искуство во струката
**Паричен износ на нето плата:** 28.183.00 денари.
**Работно време:** од 07:00-15:00 часот, 40 часа неделно, од понеделник до петок.
3. Работно место од група даватели на јавни услуги :
- **Работник за одржување на паркови и зеленило ,** со р.бр. 73, КДР 03 05 В02 015 во 4.0.0 Сектор паркови и зеленило 4.1.0 Одделение за хортикултура - 1 (еден) извршител;
**Опис на работното место**: Подигање и одржување на зеленило на јавни површини.
**Посебни услови**:
- најмалку ниво на квалификации I или основно образование
- со или без работно искуство
**Паричен износ на нето плата:** 25.746.00 денари.
**Работно време:** од 07:00-15:00 часот, 40 часа неделно, од понеделник до петок.
**Општи услови за даватели на услуги**
- да е државјанин на Република Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професионална дејност или

должност.

4. Работно место од група помошно технички лица :

**- Машинист на пумпи и резервоари** со р. бр. 40, КДР 04 01 А02 014 во 2.0.0 Сектор за Водовод и канализација 2.2.0 Одделение за производство на вода, 2.2.1 Оддел Бунарски подрачја, 1 (еден) извршител

**Опис на работното место**: Континуиран мониторинг на опремата и процесот на работа

**Посебни услови**:

- Најмалку ниво на квалификација III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование - машинство, електро
- со или без работно искуство

**Паричен износ на нето плата:** 25.906.00 денари.

**Работно време:** во смени, од 07:00-19:00 часот и од 19:00-07:00, 40 часа неделно.

**Општи услови за кандидати од група помошно-технички лица**

- да е државјанин на Република Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здраствена способност за работното место

Кандидатите доставуваат **пријава** која треба да содржи:

1. Лични податоци на кандидатот;
2. Податоци за исполнување на општите услови;
3. Податоци за исполнување на посебните услови;
4. **Изјава,** под материјална и кривична одговорност, за потврда дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот;
5. Докази за исполнување на општите и посебните услови:
   - уверение за државјанство не постаро од 6 месеци
   - извод од матична книга на родените;
   - доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
   - доказ за општа здравствена способност за работното место;
   - диплома за завршено соодветно образование;
   - потврда за работно искуство, доколку е потребно за работното место;
   - потврда за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, доколку е потребно за работното место.
6. Дата на пријавување и потпис на кандидатот.

Постапката за селекција за вработување на кандидати за работните места под реден број 1, 2 и 3 се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази во пријавата и интервју, согласно Законот за јавни претпријатија.

Огласот за работните места под реден број 1, 2 и 3 трае 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на објавувањето во дневниот печат во три дневни весника, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од македонскиот.

Постапката за вработување за кандидати за работното место под реден број 4 ќе се спроведува согласно Законот за работни односи.

Огласот за работното место под реден број 4 трае 5 (пет) дена, сметано од денот на објавувањето во дневниот печат во три дневни весника, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

Пријавата за вработување е достапна на интернет страната **https://komunalecgevgelija.mk/podnesi baranje/.**

Секој заинтересиран кандидат кој ги исполнува општите и посебните услови може да ја достави својата пријава, со приложени потребни докази и документи, лично, на архива на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија или препорачано по пошта на адреса ул. „7ми Ноември“ бр. 50, 1480 Гевгелија, со назнака **„за јавен оглас 02/2024”**.

ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија
Директор,
**Раско Чочков**